Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски бр. 11-617/2
Дата: 18.09.2024

[redacted]

Предмет: Одговор на Барање информации

Почитувана,
Во врска сп Вашите доставени прашања, Ви го даваме следниов одговор.

1. Дали Комисијата ќе поведе постапка за дискриминација откако веќе е извесно дека учениците нема да имаат учебници по странските јазици?

Доколку нема учебници по странски јазик за сите ученици, Комисијата не може да поведе постапка за заштита од дискриминација, бидејќи повредата на правото е насочена кон сите ученици, а не кон одредени ученици врз основа на некоја нивна заштитна карактеристика. Оттука, ваквата повреда може да се третира како повреда на право од задолжително образование, но не претставува дискриминација согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

2. Дали до Комисијата стигнаа претставки за недостиг на учебници оваа учебна година?

До моментот на одговорот на ова прашање, до комисијата за спречување и заштита од дискриминација нема пристигнато ниту една претставка за недостиг на учебници за оваа учебна година.

3. Во која фаза од постапката е тужбата против МОН од Комисијата за недостатокот на учебници минатата учебна година?

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 31вата седница одржана на 11.12.2023 донесе одлука за поништување на одлуката за поднесување тужба за заштита од дискриминација од јавен интерес (actio popularis) против Министерството за образование и наука за сторена дискриминација врз учениците во основното образование со необезбедување на учебници. Ваквата одлука следи после утврдената фактичка состојба при собирањето на доказите во подготовка на тужбата, која се разликува од фактичката состојба утврдена во моментот на донесување на одлуката за иницирање судска постапка.
Имено, согласно податоците од МОН, добиени во ноември 2023 година, КСЗД заклучи дека во меѓувреме се обезбедени учебници по сите наставни предмети за прво, четврто и шесто одделение за основно образование. Овие одделенија во моментот на носењето на одлуката за поведување на actio popularis тужбата беа земени како одделенија кои се понеповолно третирани во споредба со останатите одделенија во основното образование, па со обезбедувањето на учебници за споменатите одделенија не постои понеповолен третман на одредени ученици во основно образование, во споредба со други ученици (нема компаратор за нееднаков третман) врз основа на некаква заштитна карактеристика (во случајов возраст и образовен статус). Комисијата направи споредба и со состојбата со обезбедувањето на учебниците во средно образование во споредба со обезбедувањето на учебниците во основно образование, како два вида на задолжително образование, при што заклучи дека нема различен третман во обезбедувањето на учебниците, а со тоа не постои ни дискриминација. Имајќи ја предвид новоутврдената фактичка состојба, КСЗД заклучи дека повеќе не постои дискриминација кон поголема група на ученици врз одредена

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

заштитна карактеристика со необезбедување на учебници од страна на МОН, па оттука сметаме дека повеќе нема целисходност за поведување на судска постапка.

Комисијата е свесна дека за одредени предмети во одредени нивоа на задолжително образование не се обезбедени учебници и тоа несомнено претставува повреда на право од образование на учениците. Меѓутоа, истото не е направено врз одредена заштитна карактеристика, односно не постои каузална врска во необезбедувањето на учебниците и некаква заштитна карактеристика на учениците, а дополнително не постои ни компаратор за нееднаков третман, па следствено на тоа во конкретниот случај повеќе не станува збор за дискриминација. Оттука, повредата на правото на образование во услови кога нема дискриминација не е во надлежност на Комисијата, а проблемот може да го разгледуваат и постапуваат други надлежни институции како Народен Правобранител и/или Државен просветен инспекторат.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
[redacted]
Новинска агенција Макфакс